Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Бр. 04-1392/28
12.03.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 04-1392/28
12. 03. 2021 .2021 год.
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен Весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18) и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар на Министерството за животна средина и просторно планирање донесе:

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат по интерен оглас бр.2/2021 за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање

1. Кандидатот **Соња Фурнациска** по пат на интерен оглас број 2/2021 објавен на 05.03.2021 година се избира на работно место **УПР 01 01 Б04 000 - Раководител на одделение за спроведување на просторни планови, Одделение за спроведување на просторни планови, Сектор за просторно планирање**- 1 (еден) извршител;

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 2/2021 со бр. 04-1392/19.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на одлуката.

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски наш број 04-439/1од 21.01.2021 година, министерот на Министерството за животна средина и просторно планирање упати барање со архивски број 04-1392/1 од 03.03.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање. Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 2/2021 за унапредување на 6 (шест) административни службеници во Министерството за животна средина и простоно планирање објавен на ден 05.03.2021 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и на веб страната на Агенцијата за администрација. Во функција на

спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, формирана е комисија од страна на Државниот секретар, со Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број.04-1392/12 од 10.03.2021 година, која изврши административна селекција и одржа интервју со соодветните кандидати коишто ги исполнуват условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 2/2021 за унапредување на административни службеници со архивски број 04-1392/21 од 11.03.2021 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 2/2021 со архивски бр. 04-1392/19 од 11.03.2021 година.

Врз основа на ранг листата, Државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на именуваниот.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
КАЈА ШУКОВА

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

***ПРАВНА ПОУКА:*** *Против ова одлука кандидатот има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.*

*Доставено до:*

- *Именуваниот*
- *Архива*
- *Одделение за управување со човечки ресурси*
- *Сметководство*